

# КАРПОШ неделен Е - БИЛТЕН



ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ 7-15 јули 2025 Билтен бр. 601

# ДОБИТНИЦИ НА СПОРТСКИ СТИПЕНДИИ ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

| ИМЕ ПРЕЗИМЕ И СПОРТ | ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ | ОДД. | БОДОВИ | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|
| Ведра Гирова Бадминтон | ООУ Братство | IX | 3,5 | Прва категорија |
| Мила Горгиева Кик Бокс | ООУ Братство | VIII | 0,5 | Втора категорија |
| Анџела Стоилковска Кик Бокс | ООУ Владо Тасевски | IX | 3 | Прва категорија |
| Димитар Лозановски Триатлон | ООУ Владо Тасевски | IX | 6 | Прва категорија |
| НиколијаИвановска Кошарка | ООУ Владо Тасевски | IX | 3 | Прва категорија |
| Ивана Божиновска Тенис | ООУ Војдан Чернодрински | IX | 3,5 | Прва категорија |
| Симон Танчевски Спортско качување | ООУ Војдан Чернодрински | IX | 9 | Прва категорија |
| Калина Колевска Коњички спорт | ООУ Војдан Чернодрински | IX | 0,5 | Втора категорија |
| Михаил Влахов Ватерполо | ООУ Војдан Чернодрински | IX | 6 | Прва категорија |
| Бистра Груевска Триатлон | ООУ Војдан Чернодрински | IX | 9 | Прва категорија |
| Јана Андреевска Модерни танци | ООУ Вера Циривири Трена | VIII | 12 | Прва категорија |
| Калина Ѓорѓиевска Триатлон | ООУ Вера Циривири Трена | VIII | 6 | Прва категорија |
| Калина Ивановска Спортско Качување | ООУ Димо Хаџи Димов | VIII | 12 | Прва категорија |
| Ена Ивановска Скијање | ООУ Димо Хаџи Димов | IX | 0,5 | Втора категорија |
| Гаврил Итиќ Скијање | ООУ Димо Хаџи Димов | IX | 0,5 | Втора категорија |
| Даријан Пановски Тенис | ООУ Јан Амос Коменски | VIII | 3,5 | Прва категорија |
| Дарија Панева Пливање | ООУ Јан Амос Коменски | IX | 0,5 | Втора категорија |
| Деа Крстевска Тенис | ООУ Јан Амос Коменски | VIII | 3,5 | Прва категорија |
| Бошко Куноски Сноу борд | ООУ Јан Амос Коменски | IX | 0,5 | Втора категорија |
| Ана Марија Чапараткова Џиу џица | ООУ Лазо Трповски | IX | 3 | Прва категорија |
| Матеј Кермитчиев Кошарка | ООУ Лазо Трповски | IX | 3 | Прва категорија |
| Анисиа Георгиевска Атлетика | ООУ Петар Поп Арсов | IX | 9,5 | Прва категорија |
| Леон Тасевски Бадминтон | ООУ Петар Поп Арсов | IX | 10 | Прва категорија |
| Милица Живановиќ Бадминтон | ООУ Петар Поп Арсов | VIII | 6 | Прва категорија |
| Ања Анастасовска | ООУ Христијан Тодоровски Карпош | VIII | 2 | Втора категорија |

# УДАРНО ГРАДЕЖНО ЛЕТО ВО БАРДОВЦИ

**Денеска, на увид во градежните работи во месната заедница Бардовци, градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски ги образложи веќе постоечките градежни зафати, со кои се решаваат комуналните проблеми на граѓаните, но и најави нови инфраструктурни проекти, кои ќе бидат инвестирани во ова населено место. -Во населеното место Бардовци,досега извршивме реконструкција на повеќе краци од повеќе улици, . Направена е реконструкција на улица „6“, крак 1, 2 и 3, во вредност од 1 .566.000 денари. Исто така извршена е реконструкција на улица „14“, крак 4, во вредност од 561.000 денари, понатаму извршена е реконструкција на улица „10“, крак 1, 2 и 3, во вредност од 418.000 денари и извршена е реконструкција на улица „2“, во вредност од 3.671.000 денари, нагласи Јакимовски. Градоначалникот на Карпош, ги нагласи тековните градежни активности, кои како градежна офанзива ќе бидат во фокусот ова лето: – Во моментов, работиме на изградба на фекална и атмосферска канализација, на новопроектирана улица „Е“ и дел од новопроектирана улица „3“. Вредноста на овие градежни зафати што ги изведуваме е 11.098.000 денари. Изградба на дел од новопроектирана улица „Е“, и дел од новопроектирана улица „3“, во должина од 225 метри, и должина на улица „3“, во должина од 360 метри, со вкупна вредност од 21.670.000 денари. Исто така, активна е изградбата на улична мрежа за дел од новопроектирана улица „6“ во месната заедница Бардовци, во должина од 295 метри,а вредноста на договорот е 6.000.991 денар и изградба на фекална канализација во должина од 176 метри. Вредноста на овој проект е 1.653.000 денари, додека изведувач е фирмата „Нексис“.Во моментов се врши реконструкција на пристапни улици на крак 1 и крак 2 ,на улица „14“, и крак 1 на улица „6“ . За овие улици се издвоени уште 1.000.000 денари, потенцираше Јакимовски. Првиот човек на Карпош, најави и нови градежни инвестиции со кои ќе се заокружи комуналната инфраструктура во населбата Бардовци. -Градиме фекална канализација на улица „1687“ во вредност од 3.900.000.Новопланирана секундарна улична мрежа на истата улица, во вредност од 11.799.000 денари, и новопроектирана секундарна улична мрежа во вредност од дел на улица „К“, во должина од 1000 метри, во вредност од 35.000 милиони денари. Изградба на инфраструктурни објекти , на улица „5“, „6“,„ 7“ кои се предвидени во блок 2 и 3 во Бардовци, и асфалтирање од 41.172.000 денари. Изградба на инфраструтурни објекти на новопланирана улица 5,6 и 7 , фаза водовод и канализација , во вредност од 22.063.000 денари. Сето ова, го правиме , за да ги решиме деценисиките проблеми на Бардовчани, и ова населено место да има еднаква фекална, атмосферска, комунална и патна инфраструктура како другите населени места во нашата Општина, нагласи Јакимовски. Тој истакна дека до сега, со вложените средства и планираните идни финансии обезбедени од донации, но и од буџетот на Општината, во Бардовци ќе бидат инвестирани околу 2 милиони евра, за подобрување и стандардизирање на патната мрежа,како и изградба на фекална и атмосферска канализација.**



# ДОБИТНИЦИ НА СТИПЕНДИИ ЗА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА УЧЕНИКОТ | ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ | ОДД. | ЗАБЕЛЕШКА | ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|
| Јане Јанев | ООУ „Х.Т. Карпош“ | 9 | 1 категорија | 3.500,00 ден |
| Филип Симоновски | ООУ „Х.Т. Карпош“ | 8 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Ѓорѓи Чакарјаневски | ООУ „Х.Т. Карпош“ | 9 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Лука Новков | ООУ „Лазо Трповски“ | 9 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Јаков Руфчески | ООУ „Лазо Трповски“ | 8 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Максим Станоев | ООУ „Лазо Трповски“ | 8 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Дариа Алексовска | ООУ „Лазо Трповски“ | 9 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Илина Симјаноска | ООУ „Димо Хаџи Димов“ | 8 | 1 категорија | 3.500,00 ден |
| Илија Тевдовски | ООУ „Димо Хаџи Димов“ | 9 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Софија Ѓоргон | ООУ „Димо Хаџи Димов“ | 9 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Јана Наумова | ООУ „Димо Хаџи Димов“ | 8 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Елена Цацаноска | ООУ „Димо Хаџи Димов“ | 8 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Илин Костовски | ООУ „Братство“ | 8 | 1 категорија | 3.500,00 ден |
| Изабела Диков | ООУ „Братство“ | 9 | 2 категорија | 3.000,00 ден |

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА УЧЕНИКОТ | ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ | ОДД. | ЗАБЕЛЕШКА | ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|
| Јордан Соколоски | ООУ „В.Чернодрински“ | 8 | 1 категорија | 3.500,00 ден |
| Каја Грчевска | ООУ „В.Чернодрински“ | 8 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Јана Марковска | ООУ „В.Чернодрински“ | 8 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Дафина Јакимовска | ООУ „В.Чернодрински“ | 9 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Максим Христовски | ООУ „В.Чернодрински“ | 8 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Дарјан Мирчевски | Јахја Кемал | 9 | 1 категорија | 3.500,00 ден |
| Благоја Марков | Јахја Кемал | 9 | 1 категорија | 3.500,00 ден |
| Иан Стевков | Јахја Кемал | 9 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Елена Стаматовска | ООУ „Јан Амос Коменски“ | 8 | 1 категорија | 3.500,00 ден |
| Инес Петреска | ООУ „Јан Амос Коменски“ | 8 | 1 категорија | 3.500,00 ден |
| Дамјана Грујовска | ООУ „Јан Амос Коменски“ | 8 | 1 категорија | 3.500,00 ден |
| Нина Андоновска | ООУ „Јан Амос Коменски“ | 9 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Срна Гаговиќ | ООУ „Јан Амос Коменски“ | 8 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Андреј Сековски | ООУ „Јан Амос Коменски“ | 9 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Евгенија Лазаревска | ООУ „Јан Амос Коменски“ | 8 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Аника Виолета Шарламанов | ООУ „Јан Амос Коменски“ | 9 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Калина Тортевска | ООУ „Јан Амос Коменски“ | 8 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| [illegible] | ООУ „Јан Амос Коменски“ | [illegible] | [illegible] | [illegible] |

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА УЧЕНИКОТ | ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ | ОДД. | ЗАБЕЛЕШКА | ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|
| Анастасија Цветаноска | ООУ „Владо Тасевски“ | 9 | 1 категорија | 3.500,00 ден |
| Теодора Маџаров | ООУ „Владо Тасевски“ | 8 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Вук Карас | ООУ „Владо Тасевски“ | 8 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Николај Анѓелески | ООУ „Владо Тасевски“ | 8 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Лилјана Тасевска | ООУ „Владо Тасевски“ | 8 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Самоил Шорко | ООУ „Владо Тасевски“ | 8 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Мила Миланова | ООУ „Владо Тасевски“ | 8 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Александра Димитрова | ООУ „В. Ц. Трена“ | 9 | 1 категорија | 3.500,00 ден |
| Тамара Несторoска | ООУ „В. Ц. Трена“ | 8 | 1 категорија | 3.500,00 ден |
| Нела Манческа | ООУ „В. Ц. Трена“ | 9 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Матеј Сиваков | ООУ „В. Ц. Трена“ | 9 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Антонија Лола Ефремова | ООУ „В. Ц. Трена“ | 8 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Андреа Јовановска | ООУ „Петар Поп Арсов“ | 8 | 1 категорија | 3.500,00 ден |
| Ива Бухова | ООУ „Петар Поп Арсов“ | 9 | 1 категорија | 3.500,00 ден |
| Васил Баковски | ООУ „Петар Поп Арсов“ | 8 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Ева Симоновска | ООУ „Петар Поп Арсов“ | 9 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Јована Петрушевска | ООУ „Петар Поп Арсов“ | 9 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Ирина Чупаркоска | ООУ „Петар Поп Арсов“ | 8 | 2 категорија | 3.000,00 ден |
| Мила Вељановска | ООУ „Петар Поп Арсов“ | 8 | 2 категорија | 3.000,00 ден |

# ЈАКИМОВСКИ РЕАГИРАШЕ НА ОДЛУКАТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СПОРТ

**Господине министре,**

**Во врска со одлуката бр. 50-4023/7 од 17.06.2025 објавена во Службен весник на РСМ број 123 од 19.06.2025 година ве информираме следното:**

**Вие сте министер на овој ресор една година. Да ве потсетам минатата година имавме телефонски разговор на мое барање во кој Ве информирав дека спортската сала Наум Наумовски Борче – Партизан 4, е реконструирана со средства на Агенција за млади и спорт и извршено е примопредавање, но истата нема радијатори за греење, не е поврзана на топловод, нема ниту бојлери во соблекувалните, нема клупи, закачалки, а во спортската сала нема никаква опрема (рипстоли, ниска греда, висока греда, коњ со рачки, коњ без рачки, мал коњ, отскочни даски, душеци, заштитни мрежи, и друга опрема). Побарав од вас дали тоа ќе го направите. Вие рековте дека од претходното раководство ви оставиле вакви недостатоци, но ќе видите.**

**Потоа, телефонски ве побарав уште три пати. Не ми одговоривте. За ова Ви испративме и неколку дописи. И на нив не одговоривте. Во меѓувреме, салата покажа недостатоци, на одредени делови протекуваше и ние распишавме тендер за санација на недостатоците како и за набавка на опрема. Откако сето ова го средивме Вие ни праќате меил во кој не известувате дека ни ја одземате салата.**

**Господине министре,**

**Вие сте поранешен репрезентативец на Македонија. Тоа претпоставува од Вас многу поодговорно однесување како и поцивилизиран начин на комуникација со локалната самоуправа. Ова ваше однесување е безобразно, простачко, насилничко и не соодветствува на функција министер во Влада на Република Македонија.**

**Вие не можете да правите што сакате. Има правила на однесување и ред во функционирањето на локалната, извршната, законодавната и судската власт. Впрочем вие, Владата, овој објект го имавте на раководење и го дадовте на Рафет Муминовиќ кој целосно го девастира, а објектот беше во одлична кондиција. Повторно ли имате некој Рафет Муминовиќ? Напротив, Општина Карпош, секој објект што го добива на управување од владата на Република Македонија согласно законот за локална самоуправа, училишта, градинки, месни заедници, општински административни објекти, сите се многукратно унапредени и од 2010 година наваму во истите е вложени повеќе од 8,5 милиони евра.**

**Општина Карпош кон секој објект со кој таа раководи се однесува совесно и одговорно и го става во служба на граѓаните и од тие причини, спремен сум да ви го дадам следниот одговор:**

**Нема да извршиме примопредавање, не сакаме да извршиме примопредавање и не се сложуваме да го одземете објектот Партизан 4 затоа што немате за тоа никаква причина. На оваа одлука ќе ви се спротивставиме.**

# ПОДДРШКА ЗА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО КАРПОШ

**Во организација на Здружението на бизнис жени со поддршка на Општина Карпош, вечерва се одржа женско бизнис дружење со цел, поттикнување на нови соработки и јакнење на заедницата на жени претприемачи во Карпош. Инаку, овој настан се реализираше како дел од редовните активности на проектот „Поттикнување на женското претприемништво и зајакнување на постоечкото, преку вмрежување и политики за поддршка на жени претприемачи во Општина Карпош“. На средбата присуствуваа претставничките од бизнис секторот како и координаторката за еднакви можности на жените и мажите при Општина Карпош, Виолета Михајловска, која во оваа пригода ја поздрави иницијативата за актуелизирање на женското претприемништво во рамки на локалната самоуправа.**

**„Би сакала да истакнам дека Карпош е меѓу првите општини која формирмираше локален Совет за женско претприемништво. За таа намена Општина Карпош годинава издвои 200.000 денари за спроведување на проект за поддршка и развој на женското претприемништво преку вмрежување и политики, а реализатор на проектот е Здружението на бизнис жени на Македонија“ – посочи Михајловска.**
**Таа потсети дека во тек е креирање на база на податоци на жени претприемачи од општината, за чија цел е изработена и Google платформа на која ќе бидат евидентирани сите жени од Карпош кои водат било каков бизнис. Базата ќе служи за информирање, вмрежување и соработка со бизнис секторот од локалната заедница, а линкот ќе биде достапен на официјалната веб страница на Општина Карпош.**
**„Денешниов настан е значаен затоа што имаме одлична можност да сезапознаеме, а притоа и да ви овозможиме простор да ги промовирате вашите бизниси, успеси и предизвици. Во тој поглед, Општина Карпош и градоначалникот Стевчо Јакимовски ви стојат на располагање во рамки на своите ингеренции, како би можеле да ви помогнеме да се развивате и да растете со вашите бизнис идеи“ – додаде координаторката Михајловска.**



# СОВЕТНИЦИТЕ ОД КАРПОШ СЕ ПРОТИВАТ НА ВЛАДИНАТА ОДЛУКА ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА САЛАТА „ПАРТИЗАН“

**Со 14 гласови за и 7 против, Советот на Општина Карпош го изгласа Заклучокот за усвојување Информација за донесената „Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за спорт“, од Владата на РСМ. Станува збор за Заклучок според кој Советот на Општина Карпош се противи на Одлуката на Владата, со која и се одзема спортската сала „Наум Наумовски Борче“ која беше дадена во трајно владение на локалната самоуправа.**

**Пред да се отвори расправа за единствената точка на дневниот ред во рамки на денешната вонредна 69-та седница, пред советниците се обрати градоначалникот Стевчо Јакимовски. Во оваа пригода првиот човек на Општината образложи дека првенствено Владата ја донела оваа Одлука без никакво Образложение, кое треба да биде составен дел на правниот акт. Тој посочи дека со Одлука на минатата Влада во 2019 година, во Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ, спортската сала „Партизан“ е впишана дека и е дадена на трајно користење на Општина Карпош.**

**Притоа, локалната самоуправа воочи некои недостатоци во рамки на спортскиот објект кои се од техничка природа, па затоа со повеќе Одлуки на Советот, Општината инвестираше околу 4 милиони денари со цел да ја направи функционална спортската сала „Партизан“. Притоа, Јакимовски и мнозинството советници сметаат дека во најмала рака би било коректно, Владата да ја извести Општина Карпош пред да ја донесе Одлуката за одземање на салата, бидејќи Општината со средства од граѓаните инвестирала финансии, за одржување на овој за нив култен спортски објект. Дополнително, веќе се донесени односно усвоени повеќе Одлуки од страна на Советот, со кои одредени делови од спортската сала се дадени на користење, со и без паричен надомест.**

**Оттука со денешното гласање на Заклучокот, Советот на Општина Карпош особено се противи на начинот на донесување на предметната Одлука и ја оценува како штетна, донесена без консултација и без претходно побарано мислење од Општината. Во таа насока, Советот како орган на Општината ги задолжува стручните служби на локалната самоуправа и градоначалникот Јакимовски, да поведат понатамошна постапка пред надлежните органи.**

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

**Во врска со обвинувањата на министерот за спорт дека Општина Карпош с□ уште не ја пуштила во употреба спортската сала „Наум Наумовски – Борче“, позната како Партизан 4, сакаме да ве потсетиме дека оваа сала официјално стартуваше со работа на 24 март оваа година.**

**Пред тоа, Општината со одлука на Советот на Општина Карпош  распиша тендер во висина од 1.000.000 денари и набави дел од потребната опрема за стартот на работата на салата.**

**□ Истиот ден, градоначалникот Стевчо Јакимовски направи обиколка на салата, при што нагласи дека таа првпат ќе биде користена од основците од Карпош во рамки на училишните спортски лиги во кошарка и одбојка, кои традиционално ги организира Општината.**

**Јакимовски исто така нагласи дека за состојбата на салата „Партизан“ бил известен и министерот за спорт, од каде не е добиен никаков одговор.**

**Три недели подоцна, на 17 април 2025 година, во истата сала градоначалникот ги додели медалите за најуспешните во женската одбојкарска училишна лига и во машката кошаркарска училишна лига.**

# СОВЕТОТ НА КАРПОШ АПЕЛИРА ДО ВЛАДАТА ДА ЈА ПРЕИСПИТА ОДЛУКАТА ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА САЛАТА „ПАРТИЗАН“

**Со целосна поддршка на советниците од СДСМ, Левица, ГРОМ, и Независни за Карпош, претседателот на Советот на Општина Карпош, Бранко Ристов, денеска одржа прес – конференција на која ги информираше медиумите, за заедничкиот став на мнозинството советници во врска со неодамнешната одлука на Владата за одземање на спортската сала „Партизан“ која досега беше во владение на локалната самоуправа.**

**„Како советници, а посебно јас како претседател на Советот на Општина Карпош чувствуваме обврска да ги информираме карпошани и целата македонска јавност, дека ги отфрламе причините за одземање на салата како и обвинувањата од страна на министерот за спорт кон Општина Карпош како невистинити и неосновани. Особено ги отфрламе обидите целата ситуација да се сведе на ПР-препукување помеѓу членови на владата и градоначалникот Јакимовски. Уште од самото примопредавање на спортската сала „Наум Наумовски – Борче“, ние советниците бевме континуирано информирани од страна на општинската администрација и градоначалникот, за состојбата вклучително и за недостатоците во која е примопредадена салата од страна на Агенцијата за спорт“ – објасни Ристов.**

**Тој посочи дека општинскиот Совет е добро запознаен со целата ситуација уште од самиот почеток, кога Агенцијата за млади и спорт ветувала дека спортскиот објект ќе биде завршен во целост, при што ќе бидат отстранети сите недостатоци и ќе биде набавена соодветна спортска опрема.**

# ЈАКИМОВСКИ ДО РИСТОВСКИ: ОТКАЖЕТЕ СЕ ОД КАУБОЈСКИТЕ НАМЕРИ! ВИСТИНАТА Е НА НАША СТРАНА, НЕМАТЕ ПРОБЛЕМ САМО СО МЕНЕ, ТУКУ И СО СОВЕТОТ И СО КАРПОШАНИ!

**Градоначалникот на општина Карпош денеска уште еднаш го повика министерот за спорт Борко Ристовски да се откаже од намерата каубојски да ја одзема салата Наум Наумовски Борче и му порача дека во спротивно нема да има проблем само со него, туку и со советот и со карпошани.**

**Очигледно министерот за спорт не се откажува од својата каубојска намера и продолжува со своите небулозни изјави. Една од небулозите е дека сум немал проекти и сум се плашел од избори. Да кажете дека Стевче Јакимовски нема проекти е исто како да кажете дека Новак Ѓоковиќ не знае да игра тенис. Веројатно бил многу зафатен со ракометот, па не ја прател многу политиката, па да го потсетам дека победувам четири пати на избори и четири пати ја победувам неговата партија со проекти, а не како нив со користење на четирите свети букви. Јас сум најнаградуваниот градоначалник во Југоисточна Европа. Имам четири меѓународни награди, јас прв го исчистив кејот на Вардар, прв го осветлив и го поплочив кејот за да може и ноќе да се шета и заедно со колегата Андреј Петров ја направивме велосипедската патека. Јас прв ги осветлив спортските терени и игралиштата во училиштата за да може и навечер да се игра, јас прв воведов училишни лиги во фудбал, кошарка, одбојка, пинг-понг, ракомет и тн... Јас сум прв што давам стипендии за талентирани ученици и спортисти, прв воведов субвенции за лифтови и покриви, рече градоначалникот Јакимовски одговарајќи на прозивките на министерот кому директно му го постави следното прашање:**

**„Ќе ни кажеш ли ти колку проекти си направил откако си министер веќе една година? Која новина ти ја воведе во раководењето со министерството? Што направи ти, освен каубојскиот однос што го покажуваш кон општина Карпош?", а потоа му се обрати со следните зборви:**

**Господине Ристовски, ти немаш проблем со мене, имаш проблем со граѓаните, имаш проблем со Советот на општина Карпош, имаш проблем со своите лаги, со аргументите и фактите кои што се на наша страна. Во името на граѓаните на општина Карпош уште еднаш ве повикувам не го спуштајте нивото на комуникација и мислам дека не е добро за граѓаните на Карпош да се служиме со лаги. А вие се служите со лаги. Ја изманипулиравте владата знаеш како што вие служите. Одговорни луѓе кои водат министерства, кои ја водат државата, иако биле класични единичари, иако биле двојкаши, денеска се возрасни луѓе и мораат да се однесуваат совесно и одговорно. И пред се да не кажуваат лаги. Ја изманипулиравте владата за да донесе одлука за одземање на салата, а истата е пуштена во употреба и функционира. Јасно сакам да ви кажам проблемот не ви е само кај мене, проблемот ви е и со граѓаните и со Советот и нема така лесно да ви дозволиме да правите што сакате со овој објект и политиката од вашите кабинети да ја пренесувате врз спортската сала каде што треба младите да рекреираат и да го валкате името на народниот херој Наум Наумовски Борче, му порача Јакимовски на министерот Ристовски.**

# ОБНОВУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНАТА И ВЕРТИКАЛНАТА СИГНАЛИЗАЦИЈА

**Во тек е обновување на хоризонталната и вертикалната сигнализација на територија на општина Карпош. Овие летни градежни активности, се работат со цел граѓаните на Карпош да имаат безбедна и прегледна сигнализација по коловозите**

